ЗАПИСНИК

од 1-ва форумска сесија во рамки на Проектот „Зајакнување на општинските совети - Фаза 2“ во

општина Македонска Каменица

Датум:08.07.2026 година
Место:Мала спортска сала при СОУ Миле Ј.Џингар М.каменица
Час:09:30 ч
Присутни граѓани: Вкупно: 72 Мажи: 24 Жени: 48

Гости:медиуми
Градоначалник:Г-ѓа Соња Стаменкова
Општинска администрација: присутни од повеќе сектори
Совет на општина: Членови на Совет на општината Македонска Каменица

Програма на сесијата (точки, според дневниот ред на дадената сесија)**:**

. Воведни обраќања
. Презентација на форумскиот процес (цели, активности, резултати)
. Презентација и дискусија на форумски теми и избор на приоритетна тема
. Усвојување на тема на форумот и утврдување на структура на форумот (распределување по маси)
. Пауза
. Утврдување на начела за работа
. Идентификација и дефинирање на проблеми-групирање
. Дискусија за предлог решенија, проектни идеи и препораки
. Презентација на форматот за Концептот на предлог проект
Формирање на работна група за анализа во областа на темата на форумот на форумот и одредување на термин за следна сесија

Тек и содржина на сесијата

Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)

1.**Воведни обраќања**

-Форумот го отвори г-ѓа Весна Коловска, модератор

Модераторот се претстави и посочи дека форумот претставува дел од Проектот „Зајкнување на општинските совети“, односно претставува 2-ра компонента „Зајакнување преку финансиска подршка(мали грантови) за приоритетни мерки на општините избрани преку јавни форми, финасиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDS) и кофинансиран и спроведуван од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во соработка со национални и локални партнери. Ги образложи општите критериуми и посочи дека во текот на форумот граѓаните ќе треба да предложат и да изберат меѓу еден и три проекти кои ќе се финансираат од проектниот фонд.

-Покрај модераторот водедно излагање имаше и комодераторот Анастасија Иванова која го презентираше дневниот ред на првата форумска сесија а потоа ја покани Градоначалничката на Општина М.Каменица да се обрати.

-Градоначалничката на општина М.Каменица г-ѓа Соња Стаменкова го поздрави Одзивот на граѓаните на форумот и даде образложение за неговата важност како алатка за изјаснување на граѓаните, а исто така посочи дека форумот е отворен за предлози од сите граѓани и посака успешна форумска сесија.

Обраќање и посакување на успешна форумска сесија имаше и претставник од Советот на општина М.Каменица, Мартин Малчев.

2.**Презентација на форумскиот процес, цели, активности и резултати**

Модераторката образложи што претставува форумскиот процес, што претставува и кои резултати се очекуваат по завршувањето на форумот.

Потоа образложи дека на овој проектен форум ке се предложат теми од кои ке произлезат 1-3 проект идеи ке бидат реализирани со буџет од 30.000,00 долари понатаму таа ја образложи структурата на форумот со формирање на работни маси од кои 1 маса е еднаква на 1 глас (учесниците не одлучуваат поединечно). Исто така ги претстави и фазите на форумскиот процес (4 сесии+1 финална сесија) како и посочи дека после се формира работна група. Модераторката отвори простор за дискусија и за збор се јави претставник од Здравствена станица „Гоце Делчев“ д-р Дарко Петровски кој побара објаснување зошто се ограничува предлагањето на теми од две области и дали може да се вклопи предлог проект, кој би се однесувал на Здравниот дом во М.Каменица.

Одговорот го даде модераторот и кажа дека овде се работи за предложени две теми од општината од важност за граѓаните - Локален економски развој и Млади, спорт и рекреација, што се доста широки теми и во нив можат да се најдат многу предлози.

Секако доколку предлог не може да се вклопи во темата на форумот, нивниот предлот ќе се запише и ќе влезе во препораки за понатамошно разгледување од општината.Објасни дека предлозите ќе се однесуваат на избрана тема, но дека форумот е од отворен тип и дека присутните може да зборуваат и да даваат предлози за се' што е важно за заедницата.

3.**Презентација и дискусија на форумски теми и избор на приоритетна тема**

Комодертаторката Анастасија Иванова го повика координаторот на проектот „Зајакнување на општински совети" фаза 2 г-ѓа Сања Митревска за понатамошно образлагање на форумот.Координаторката ги поздрави присутните и нагласи од колкаво е значење соработката помеѓу Општината, Советот на општината и граѓаните со цел граѓаните да учествуваат со идеи и предлози за заеднички избор на проекти важни за заедницата. Кажа дека за денешната сесија се предлагаат 2 теми:

1. Локален економски развој и
2. Млади, спорт и рекреација

Потоа се осврна на веќе реализираните проекти како и проекти кои се во тек на реализација: каде ги спомна изградба на ул.Даме Груев, крак на ул. Вера Јоциќ, ул. 8-ми Септември, ул.Пере Тошев со паркинг, лок.пат во маало Бошњаци и Врвачко маало, поврзување со лок.пат на с.Луковица и с.Косевица, уредување на ул. Александар Македонски, ул.Самоилова, ул.Гоце Делчев и ул.Осоговска, изградба на пешачки патеки, тротоари и потпорен сид на ул.Церска, како и неколку капитални проекти како систем за парно греење во СОУ Миле Ј.Џингар и Здравствена станица во М.Каменица, нова водоводна мрежа до Павлиш Дол, хлоринатори за вода,нов систем за осветлување, доизградба на кеј на Р.Каменичка, нова атмосверска канализација на ул.Вера Јоциќ, ул.Александар Македонски и централното градско подрачје како и многу други. Во планираните проекти ги набројa набавка на теренско возило за ТППЕ набавка на трактор за ЈП Камена река,изградба на нова општинска зграда, проект за енергетска ефикасност на зградите во општина М.Каменица, велосипедска патека на Осоговските планини и др. По завршувањето на презентирањето на двете теми, за збор се јави претставник од НВО секторот, Влатко Ситновски, кој се интересираше за методологијата на кофинансирање на општината со европски проекти. Неговата дискусија беше упатена кон Советот и унапредување на методологијата со барање за побрза реакција на граѓанските организации, кои се носители на проекти од ЕУ и со своите активности придонесуваат за животот на граѓаните.

4.**Усвојување на темата на форумот и утврдување на структурата**

Модераторјата Весна Коловска кажа дека Оперативната група имам залепено 2 флип чарта со темите предложени од општината и подели стикери до сите учесници кои треба со име и презиме да ги залепат на предложените теми односно за темата која ќе ја одберат за време од 10 мин.

1. Локален економски развој

Млади, спорт и рекреација

Откако сите присутни учесници го залепија својот глас се пристапи кон броење на гласовите јавно и транспарентно пред сите учесници

Резултатите беа следни:

Тема 1.Локален економски развој - 48 гласа

Тема 2. Млади, спорт и рекреација - 16 гласа

Комодераторката Анастасија Иванова констатира дека Тема 1 -Локален економски развој ќе биде тема на форумот со што беше донесен првата одлука од страна на граѓаните.

5. Формирање на работни маси

Модераторите објасниј уште еднаш дека форумот работи преку работни маси, за принципот една маса – еден глас, дека нема поединечно одлулување и им беа понудени имиња на работни маси, на кои одбираат да седнат според својот интерес и таму каде најмнопгу ќе го дадат својот придонес.

Се формираа 8 работни маси и тоа:

1. Млади, спорт и култура
2. ЕЛС-Општинска администрација
3. Месни заедници
4. Јавни претпријатија
5. НВО
6. Совет на општина
7. Образование
8. Социјални дејности

6.**Утврдување на начела на работа**

Комодераторкта Анастасија Иванова ги презентираше начелата на работа.

7. **Идентификација и дефинирање на проблемот**

Модратроката Весна Коловска го објасни процесот на дефинирање на проблеми од се однесуваат на темата на форумот.

Секоја група треба да избере еден презентер кој би го презентирал проблемот пред останатите членови на форумот.

Работните маси пристапија кон дефинирање на проблемите.

1.РМ –Млади, спорт и култура-презентер Јасминка Петровска

-прв проблем: недостаток од Младински центар

-втор проблем: недостаток на Музеј на рударство по што е и препознатлива Општина М.Каменица и можност за развој на туризмот

Петровска кажа дека не можеле да се одлучат за само два и понуди трет проблем: недостаток на детски музички фестивал.

2.РМ-ЕЛС-Општинска администрација- презентер Мартин Анастасовски

-прв проблем: не е уреден просторот околу Калиманско Езеро, што може да придонесе за локалните бизниси и развој на туризмот во овој простор и да биде место за рекреација на граѓаните на Македонска Каменица и околните места.

3.РМ-Месни заедници-презентер Ване Насковски

-прв проблем: недоволен е капацитетот на вода за пиење мв.Стара Каменица и с.Дулица, чиј водовод треба да се реконструира.

-втор проблем: потребна е реконструкција на трпезарија и да се постави настрешница на Грчки гробишта

Од оваа работна маса изложија уште три други проблеми кои општината треба да ги земе во разгледување: изградба на мост за возила на горна Каменичка Река, да се реконструира кејот на р.Каменичка, као и изградба на тротоари на ул. Церска

4.РМ-Јавно претпријатие-презентер Виолета Велиновска Пецова

-прв проблем: Недостаток на ЕКО пазар за граѓаните, каде може да се постави и дел за базар и продажба на локални производи, со што би се заживеал локалниот економски развој

-втор проблем: недостаток на контејнери за рециклажа и селекција на отпад, како и воведување на компостери за органскиот отпад

5.РМ-НВО-презентер Влатко Ситновски

-прв проблем:Каменица нема зелен пазар, земјоделските производи се нудат на тротоарите

-втор проблем: Уредување на постоечката теретана

6.РМ-Совет на општина- презентер Мартин Малчев

-прв проблем: потреба од Еко пазар за граѓаните

7.РМ-Образование-презентер Сања Ангеловска Крстевска

-прв проблем: недостаток на училишен кампус, кој би бил место за воншколски активности и место за настани. Со оглед на тоа дека основното и средното училиште се едно до друго, училишниот кампус би се користел од двете училишта.

8.РМ-Социјални дејности-презентер Сандра Ѓорѓиевска

-прв проблем: потреба од куќички за бездомници, кои би се тргнале од улица.

Модераторот отвори дискусија и ги повика граѓаните да понудат дополнување и објаснување на идентификуваните проблеми.

8. Дискусија за предлог решенија, проектни идеи и препораки

Прва за презентација на проблемот и предлогот го образложи Јасминка Петровска

која кажа дека во М.Каменица е потребно да се направи Младински центар. За збор се јави Градоначалничката г-ѓа Соња Стаменкова, која образложи дека формирањето на Младинскиот центар е веќе во процедура. Јасминка Петровска кажа дека за вториот дефиниран проблем - реализација на Музејот на рударството е потребно локација или веќе постоечка просторија во која ќе бидат изложени рударски експонати обезбедени од рудникот Саса, но и од поранешните вработени во рудникот, кои можат да отстапат ескпонати, да се направат албуми со фотографии и др.

Понатаму се продолжи со излагање на Работна маса-Општинска администрација каде Мартин Анастасовски ја образложи потребата за трасирање и порамнување на пешачка патека и уредување со реквизити на просторот околу Калиманско Езеро.

Градоначалничката Стаменкова се јави за збор и кажа дека за уредување на просторот околу Калиманско Езеро веќе има обезбедено средства за изработка на проект и во иднина овој проект ќе може се реализира вака поставен.

Дискусијата потоа продолжи со решенијата од Работна маса-Месни заедници каде за збор се јави Ване Насковски кој го истака проблемот со недостаток на вода за пиење во Стара Каменица и во село Дулица, каде со решавањето на овој проблем може да заживеат овие места. Се работи за постар водовод за кој треба да се реконструира, да се постави нов хлоратор, како и други расботи на терен, чија реализација чини помалку од проектниот фонд.
Насковски рече дека водоводот е најважен проблем за луѓето што живеат таму, додека останатите детектирани прблеми можат да се земат за разгледување од општината во своите програми. Модераторката г-ѓа Весна Коловска потсети дека што нема да се реализира или изработи како проекти од ралични причини ќе се стави во приоритетната листа.

Од Работна маса-Јавно претпријатие за збор се јави Виолета Велиновска Пецова која го посочи проблемот со потреба од ЕКО пазар поради тоа што во М.Каменица постојат локални производители, како и на земјоделски прозиводи кои имаат потреба тоа да го пласираат секојдневно на локален пазар, а воедно таму ке има потреба од поставување на контејнери за отпад.

Работната маса-НВО и Совет на општина исто така го подржаа предлогот од потреба за изградба на современ Еко пазар.

Сања Ангеловска Крстевска од Работна маса-Образование, која го образложи решението за проблемот со недостаток на училишен кампус во склоп на училиштето ООУ Св.Кирил и Методиј каде учениците ќе го поминуваат своето слободно време и ќе се одвиваат воншколски активности.

Последно беше образложен проблемот детектиран од Работна маса- Социјални дејности каде за збор се јави Сандра Ѓорѓиевска која ја истакна потребата од изградба на куќички за бездомници. Со тоа ќе се реши и проблемот на овие луѓе – двајца се на улица, а и би се подобрила сликата на уреден град.

По дефинираните проблеми од страна на работните групи се пристапи кон дефинирање на потенцијалните предлог концепти.

1.РМ-Млади, спорт и култура-презентер Јасминка Петровска
-решение за обезбедување место или просторија за опремување на Музеј за рударство.

2.РМ-Општинска администрација-презентер Мартин Анастасовски
- уредување на патека кај Калиманско езеро.

3.РМ-Месни заедници-презентер Ване Насковски
-решавање на проблемот со водовод и и недостиг на вода за пиење во Стара Каменица и с.Дулица

4.РМ-Јавно претпријатие-презентер Виолета Велиновска Пецова
-решавање на проблемот со тоа што ќе се изгради ЕКО пазар за жителите на општина М.Каменица со поставување на контејнери за отпад, рециклажа и селекција

5.РМ-НВО-презентер Влатко Ситновски
-исто решавање на проблемот со ЕКО пазар како и реновирање на теретана во М.Каменица

6. РМ-Совет на општина-презентер Мартин Малчев
-подршка за решавање на проблемот со ЕКО пазар

7.РМ-Образование-презентер Сања Ангеловска Крстевска
-изградба и уредување на училишен кампус во склоп на училишниот двор

8. РМ-Социјала-презентер Сандра Ѓорѓиевска
-решение: поставување на куќички за бездомници

9.**Презентација на форматот за концептот на предлог проект и формирање на Работни групи за развивање на предложените предлог концепти**

Модераторот го презентираше предлог концептот на што секоја група треба да работи и кои ќе бидат презентирани на втората форумска сесија.При тоа на граѓаните присутни на форумот им беше предложено да ги запишат своите имиња и работната група за која се заинтересирани да ги работат предлог концептите.

Форумот заврши во 13.оо часот со пополнување на ливчиња за коментари и определување на датумот за следната -втора форумска сесија за 20.08 2026 година.

Заклучоци и препораки

Од првата форумска сесија произлегоа 5 предлози за концепт проекти, за кои имаше интерес да се формираат работни групи и тоа:

1.Музеј на рударство
2.Уредување на патека на Калиманско езеро
3.Изградба на водоводна мрежа во с.Дулица
4.ЕКО пазар во М.Каменица
5.Изградба на училишен кампус

Прилози:

- ☐ Покана и дневен ред
- ☐ Листа на учесници – општ список
- ☐ Листа на учесници по работни маси
- ☐ Фотографии
- ☐ Изјави за медиуми (линкови, објави и сл.)

Записникот го водел/а
Емилија Тодорова

Табела за квалитет на учество на _____ сесија од Програмата „Форуми во заедницата“ во општина _____

Проектни идеи	Податоци за предлагачот				Прифатен / Одбиен	Забелешка
	Име и презиме	Етничка припадност	Пол	Занимање		
Музеј на рударство	Јасминка Петровска	Македонка	ж			
Уредување на патека на Калиманско езеро	Мартин Анастасовски	Македонец	м			
Рконструкција на водоводот во Стара Каменица и с.Дулица	Ване Насковски	Македонец	м			
ЕКО пазар во М.Каменица	Мартин Малчев	Македонец	м			
Изградба на училишен кампус	Сања Ангеловска Крстевска	Македонка	ж			

Препораки	Податоци за предлагачот				Прифатен / Одбиен	Забелешка
	Име и презиме	Етничка припадност	Пол	Занимање		
Младински центар	Јасминка Петровска	Македонка	ж			
Реконструкција на трпезарија и да се постави настрешница на Грчки гробишта	Ване Насковски	Македонец	м			
Изградба на мост за возила на горна Каменичка Река	Ване Насковски	Македонец	м			
Реконструкција на кејот на р.Каменичка,	Ване Насковски	Македонец	**м**			
Изградба на тротоари на ул. Церска	Ване Насковски	Македонец	**м**			
Поставување на куќички за бездомници	Сандра Ѓорѓиевска	Македонка	ж			
Уредување на постоечката теретана	Влатко Ситновски	Македонец	м			
Поставување на контејнери за рециклажа и селекција на отпад, како и воведување на компостери за органскиот отпад	Виолета Велиновска Пецова	Македонка	**ж**			

Проектни концепти	Податоци за предлагачот / групата	Прифатен / Одбиен	Забелешка
Музеј за рударство	Јасминка Петровска, РМ-Млади, спорт и култура	прифатен	
Уредување на патека кај Калиманско езеро	Мартин Анастасовски, РМ Општинска администрација	Прифатен	
Реконструкција на водовод во Стара Каменица и с.Дулица	Ване Насковски, РМ Месни заедници	прифатен	
Еко пазар	Влатко Ситновски, НВО	прифатен	
Поставување на училиштен кампус	Сања Ангеловска Крстевска, РМ Образование	прифатен	

ОДЛУКИ НА ФОРУМОТ		
Одлука	**Консензуална? (да / не)**	**Забелешка**